АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

1. 157. 1/1-3 1

ЦК
СКМ
И. АРХИВ

9-IX-1944 год.

4551

До сите обласни народно-ослободителни одбори

Драги другари,

Нашата Н.О. борба е пред успешен крај. Настанува моменти кога окупаторските войни и административни власти напуштат нашата родина. Нашата НОВ ослободува село по село, град по град. До востанувайнето на народната власт нашата йуначка НОВ ке чува ред и мир во земйата.

За това преходно време Президиумот на АСНОМ смета да свративашето внимание на следното:

а/ никой нема право да врши лична освета. Секой што се смета оштетен за време на бившите режими има право да сака од Комисийата за войните злочини при АСНОМ правдата да биди задоволена. Иначе кой ке се огреши и во това лично ке одговара;

б/ сите до сегашни чиновници македонци да останат по своите места и да пазат зградите и другите имоти заедно со сите инвентарни предмети. Никаков разграбувайне на надлештвата и институтите не треба да се позволи;

в/ да се настойува при водейне на борбите да не се уништават зградите и предметите, кои директно не можат да служат на неприйателот. Во колку е това возможно Главниот штаб на НОВ на Македонийа ке тражи од сойузничкит сили да се избегнува бомбардирайнето на цивилното население;

г/ за да се избегна секакви сукоби до разрешувайнето на имовинските односи Президиумот на АСНОМ реши:

1/ Да остане затекнатото положение за сите бивши населенички имоти това исто и за куйчите на бежанците и евреите;

2/ Да се запази положението на рудниците такво какво ке се затекни при ослободувайнето до дека не се конечно разреши това прашайне;

3/ Сите прадприйатийа, кои бейа до сега под германска или болгарска управа и експлоатацийа, а годни за потамошна работа да се земат хитни мерки од Поверенството за Народното стопанство и привредната обнова за управа над ним и продолжувайне на работата им.

СМРТ НА ФАШИЗМОТ-СЛОБОДА НА НАРОДОТ!
За Президиумот на АСНОМ

Секретар: Луп. Арсов

Преседник: М. Ченто